# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НОВАЦИ

**www.opstinanovaci.gov.mk**
**opstina@opstinanovaci.gov.mk**

**11.11.2025 година**
**БРОЈ 3/2025 НОВАЦИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за елементарни непогоди**

1. Се прогласува, Одлуката за формирање на Комисија за елементарни непогоди, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/2 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 44 и член 40 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на Комисија за елементарни непогоди**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за елементарни непогоди која е составена од пет (5) членови од кои еден е претседател.

Член 2

За членови на Комисијата за елементарни непогоди се избираат:

Претседател: Илче Трајковски
Членови: Горан Велјановски
Игор Марковски
Васко Секуловски
Иванчо Котевски

Член 3

Комисијата има задача да ја разгледува состојбата настаната од елементарни непогоди, врши увид на лице место и изработува Елаборат за процна на штети од елементарна непогода.

Член 4

Мандадот на членовите е колку и мандатот на Советот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/4 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за пренамена на средства на**
**Буџетот на Општина Новаци за 2025 год**.

1. Се прогласува, Одлуката за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/3 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015 и 209/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025), и член 36 од Законот за буџети („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 151/2021 и 3/2025) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на 3-рата седница одржана на ден 28.11.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година и тоа на следниот начин:

**Потпрограма** **Буџет**
**Донации Самоф. Дотации Кредити**
**Потставка**

**Н10 Основно ообразование**
401130 Основни плати-други вработени
-63.000,00 404110 Надомест за годишен одмор

35.000,00
464990 Други трансфери
28.000,00

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

14-876/5 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година**

1. Се прогласува, Одлуката за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

| | |
|---|---|
| 08-909/4 | Општина Новаци |
| 02.12.2025 | Градоначалник |
| Новаци | Стевче Стевановски |

Врз основа на член 26 и 27 од Законот за даноците на имотот ("Сл. весник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и "Сл. весник на РСМ" 151/21), член 12 и 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (" Сл. весник на РМ " бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци ("Сл. гласник на Општина Новаци " бр. 7/2019 и 16/2024), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

За определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година

**Член 1**

Со оваа одлука се определува пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по катастарски општини.

**Член 2**

Пазарната вредност на градежно земјиште по зони во денари по квадратен метар ќе изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | ПРВА ЗОНА | с.Новаци | 500ден./м$^2$ |
| 2. | ВТОРА ЗОНА | с.Добромири,с.Гермијан с.Рибарци | 300ден./м$^2$ |
| 3. | ТРЕТА ЗОНА | с.Г.Агларци,,с.Д.Агларци,с.Далбеговци,с.Бач, с.Живојно,с.Гнеотино | 250ден./м$^2$ |
| 4. | ЧЕТВРТА ЗОНА | с.Брод,с.Добровени,с.Сливица,с.Скочивир с.Д.Орехово,с.Мегленци,с.Арматуш,с.Суводол | 200ден./м$^2$ |
| 5. | ПЕТТА ЗОНА | с.Маково,с.Рапеш,с.Орле | 150ден./м$^2$ |
| 6. | ШЕСТА ЗОНА | с.Старавина,с.Градешница | 130ден./м$^2$ |
| 7. | СЕДМА ЗОНА | с.Будимирци,с.Груништа,с.Грумази с.Гнилеж,с.Врањевци | 100ден./м$^2$ |
| 8. | VIII ЗОНА | с.Петалино,с.Совиќ,с.Зовиќ1,с.Зовиќ2,с.Полог, с.Параловос.Новосело,с.Ивени,с.Балдовенци, с.Биљаник,с.Велесело,с.Брник,с.Тепавци | 70ден./м$^2$ |

**Член 3**

Пазарната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини во денари по квадратен метар ќе изнесува:

ПАЗАРНА ЦЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ :

| Катастарска општина | Класа 1 (ден./$м^2$) | Класа 2 (ден./$м^2$) | Класа 3 (ден./$м^2$) | Класа 4 (ден./$м^2$) | Класа 5 (ден./$м^2$) | Класа 6 (ден./$м^2$) | Класа 7 (ден./$м^2$) | Класа 8 (ден./$м^2$) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Арматуш | 50 | 40 | 30 | 30 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Балдовенци | 40 | 30 | 30 | 20 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Бач | 70 | 60 | 60 | 40 | 40 | 15 | 15 | 15 |
| КО Биљаник | 90 | 70 | 60 | 40 | 40 | 15 | 15 | 15 |
| КО Брник | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Брод | 80 | 60 | 60 | 50 | 45 | 15 | 15 | 15 |
| КО Будимирци | 40 | 40 | 30 | 30 | 25 | 15 | 15 | 15 |
| КО Велесело | 40 | 40 | 30 | 20 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Врањевци | 70 | 50 | 50 | 40 | 30 | 15 | 15 | 15 |
| КО Гермијан | 70 | 60 | 60 | 50 | 40 | 15 | 15 | 15 |
| КО Гнеотино | 60 | 50 | 50 | 40 | 35 | 15 | 15 | 15 |
| КО Гнилеж | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Г.Агларци | 60 | 50 | 50 | 45 | 30 | 15 | 15 | 15 |
| КО Градешница | 60 | 50 | 50 | 45 | 30 | 15 | 15 | 15 |
| КО Грумази | 40 | 30 | 30 | 25 | 25 | 15 | 15 | 15 |
| КО Груништа | 40 | 30 | 25 | 20 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Далбеговци | 60 | 50 | 40 | 30 | 30 | 15 | 15 | 15 |
| КО Добромири | 80 | 60 | 50 | 45 | 40 | 15 | 15 | 15 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Д.Агларци | 80 | 60 | 50 | 45 | 40 | 15 | 15 | 15 |
| КО Д.Орехово | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Живојно | 60 | 50 | 45 | 40 | 30 | 15 | 15 | 15 |
| КО Зовиќ 1 | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Ивени | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Маково | 45 | 35 | 30 | 25 | 25 | 15 | 15 | 15 |
| КО Мегленци | 45 | 35 | 30 | 25 | 25 | 15 | 15 | 15 |
| КО Новаци | 100 | 90 | 85 | 70 | 60 | 15 | 15 | 15 |
| КО Новосело | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Орле | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Паралово | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Полог | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Рапеш | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Рибарци | 80 | 70 | 60 | 55 | 50 | 15 | 15 | 15 |
| КО Скочивир | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Сливица | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Совиќ | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Старавина | 50 | 40 | 30 | 25 | 25 | 15 | 15 | 15 |
| КО Суводол | 50 | 40 | 30 | 25 | 25 | 15 | 15 | 15 |
| КО Тепавци | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Зовиќ 2 | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |
| КО Петалино | 40 | 30 | 30 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 |

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука,престанува да важи Одлуката за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршените купопродажби во претходната година бр. 14-860/5 од 11.12.2023.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ" бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица**

1. Се прогласува, Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци".

08-909/5 — Општина Новаци
02.12.2025 — Градоначалник
Новаци — Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ" бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр.07/2019 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2025 година, донесе:

**Правилник**
**за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица**

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица.

Член 2

Средствата што се доделуваат согласно овој Правилник, ќе се исплатат од Буџетот на Општина Новаци, согласно Годишната програма и акциониот план за социјална заштита и Тековната резерва.

Член 3

Општина Новаци доделува еднократна парична помош на

- Домаќинства во социјален ризик
- Лица со здравствени проблеми
- Лица со посебни потреби
- Стари лица без потесно семејство
- Домаќинства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплави, земјотреси )
- Деца без родители и родителска грижа
- Жртви од семејно насилство
- Еднородителски семејства
- Многудетни семејства
- Подршка на поединци во областа на спортот
- Подршка на поединци од областа на културата
- Деца кои се запишуваат во прво одделене во тековната учебна година
- Новороденено дете

Член 4

Корисник на средствата за еднократна парична помош може да биде исклучиво лице кое е жител на Општина Новаци.

Член 5

Еднократната парична помош може да се исплати еднаш годишно.

**УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ**

Член 6

Еднократната парична помош на **домаќинства во социјален ризик** се доделува врз основа на претходно доставено барање поткрепено со соодветна документација:

- Потврда за висината на месечен личен доход од вработените членови или потврда за висина на пензија од приматели на пензија
- Потврда за приход од дополнителни дејности од Управа за јавни приходи

Висината на еднократната парична помош на лицата и семејствата во социјален ризик изнесува:

- со Решение на Градоначалник во висина утврдена во Одлука за извршување на буџет за тековната година или
- со Одлука на Совет на Општина Новаци во висина најмногу до 20 000,00 ден.

Согласно Правилникот, еднократна парична помош ќе се доделува на лица доколку нивните редовни месечни примања не го надминуваат нето приходот и тоа за :

- самец до 15.000,00 ден
- домаќинство со два члена 18.000,00 ден.
- домаќинство со три члена 21.000,00 ден.
- домаќинство со четири члена 25.00,00 ден.
- домаќинство со пет и повеќе члена 30 000,00ден.

Еднократната парична помош на лицата и семејствата во социјален ризик не се доделува за:

- подмирување на комунални трошоци
- подмирување на долгови по различни основи
- купување на движен и недвижен имот

Член 7

За доделување на еднократна парична помош на **лица со здравствени проблеми**, со барањето потребно е барателот да достави :

- Уредна медицинска документација од која може да се констатира дијагнозата малигнитет
- Потврда за користење на туѓа нега
- Потврда за примател на постојана парична помош

Висината на еднократната парична помош на лица со здравствени проблеми изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 8

За доделување на еднократна парична помош на **лица со посебни потреби**, со барањето потребно е барателот да достави :

- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот и психичкиот развој и специфичните потреби или
- Решение од ИПК за степен на инвалидност

Висината на еднократната парична помош на лица со посебни потреби изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 9

За доделување на еднократна парична помош на **стари лица без потесно семејство**, со барањето потребно е барателот да достави :

- Потврда за висина на минимална пензија.

Висината на еднократната парична помош на стари лице без семејна грижа изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 10

Еднократна парична помош на **домаќинства погодени од елементарни непогоди** се доделува врз основа на доставено барање со соодветна документација – Записник од надлежен орган за настанатата штета и Записник од Полициска станица Новаци.

Пресметката за настаната штета по основ на барањето од подносителот по службена должност ја изготвува Комисија за утврдување на штети од елементарни непогоди на Општина Новаци.

Средствата се однесуваат само на штети на недвижен имот – живеалиште во кое барателот живее.

Еднократната парична помош се доделува на семејства погодени од елементарни непогоди кога проценатата штета е повисока од 100 000,00 ден.

Висината на еднократната парична помош на семејства погодени од елементарни непогоди изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 11

За доделување на еднократна парична помош на **жртви од семејно насилство, еднородителски семејства и многудетни семејства**, со барањето потребно е се достави:

- Потврда од Центарот за социјални работи – Битола за регистирано лице како жртва на семејно насилство
- Документ за потврда на еднородителско семејство (извод на родените или посмртница)
- Извод на родените на децата

Висината на еднократната парична помош за жртви од семејно насилство, еднородителски семејства и многудетни семејства изнесува најмногу до 20 000,00 ден.

Член 12

За доделување на еднократна парична помош на **деца без родители и родителска грижа** со барањето се доставува мислење од Центарот за социјални работи – Битола.

Висината на еднократната парична помош за деца без родители и родителска грижа изнесува најмногу до 20 000,00 ден.

Член 13

За доделување на еднократна парична помош на **деца кои се запишуваат во прво одделение** во тековната учебна година со барањето се доставува Потврда за упис во прво одделение издадена од ООУ „Славко Лумбарковски" с. Новаци

Висината на еднократната парична помош за деца кои се запишуваат во прво одделение во тековната учебна година изнесува 10 000,00 ден. нето износ.

Член 14

За доделување на еднократна парична помош за **новородено дете** заедно со барањето се доставува Извод од матичната книга на родени.

Висината на еднократната парична помош за новородено дете изнесува 10 000,00 ден. нето износ.

Член 15

За доделување на еднократната парична помош за **подршка на поединци од областа на спортот**, со барањето потребно е да се достави

- Соодветна документација за учество на спортски настан со финансиска конструкција за потребните средства.

Висината на еднократната парична помош за поедници од областа спортот изнесува најмногу до 20 000,00 ден. и истите може да се користат само еднаш во текот на календарската година.

Член 16

За доделување на еднократната парична помош за **подршка на поединци од областа на културата**, покрај барањето потребно е да се достави

- Соодветна документација за намената на средствата односно доказ дека има потреба од истата во писмена форма ( пр. одржување на културни настани, изложби, литературни читања, традиционални настани и сл.)

Висината на еднократната парична помош за поедници од областа на културата изнесува најмногу до 20 000,00 ден. и истите може да се користат само еднаш во текот на календарската година.

**<u>ПОСТАПКА НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕПП</u>**

Член 17

Постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица се поведува со поднесување на писмено барање од страна на барателот до Општина Новаци. Барањето се прима од страна на овластено лице за прием на барањата.

Барањето треба да ги содржи следните податоци:

- име и презиме на барателот
- адреса на живеење
- ЕМБГ
- кратко објаснување за предметот на барањето
- дата на поднесување на барањето
- контакт
- потпис на барателот
- копија од трансакциона сметка
- копија од лична карта
- придружна документација согласно критериумите
-

Член 18

Овластеното лице има обврска да го прими барањето, да изврши проверка на документацијата, да отвори предмет – досие за истото и да го проследи до архива каде се заверува со деловоден број.

Овластеното лице е должно да врши прием на барања во текот на работните денови.

Член 19

Најмалку еднаш месечно овластеното лице е должно да ја извести Комисија за доделување на еднократна парична помош (ЕПП) која е должна да ги разгледа доставените барања.

Член 20

Комисија е должна да даде мислење за секое доставено барање.

Комисија може да даде позитивно или негативно мислење.

Во случај на негативно мислење од Комисијата, врз основа на записник, овластеното лице е должно да изготви Известување со кое се известува барателот дека се одбива барањето, истото да го проследи на одобрување и потпис од Градоначалникот и заверка на истото.

Овластеното лице е должно Известувањето да го достави до барателот во рок од 15 дена од денот на донесувањето по пошта.

Член 21

Доколку Комисија даде позитивно мислење, истото се проследува до Градоначалникот на Општина Новаци или до Советот на Општина Новаци.

Градоначалникот може да утврди исплата на средства во максимална висина до 10 000,00 ден. или

Советот на општина Новаци може да утврдува исплата на средства во максимална висина од 20.000,00 ден.

По добиената согласност и утврдувањето на висината на средствата за исплата на еднократната парична помош за физички лица, овластеното лице е должно да изготви Решение за исплата во рок од 5 дена.

Член 22

Изготвеното Решение овластеното лице го проследува на контрола до овластеното лице за контрола (Раководителот на одделение за правни работи, општи и јавни дејности или Секретарот на Општина Новаци), кое го оверува со својот потпис.

Решението за исплата на средствата за еднократна парична помош го донесува Градоначалникот на Општина Новаци.

По потпишувањето на Решението од страна на Градоначалникот, овластеното лице го заверува во архива и истото го доставува во Одделението за финансиски прашања за понатамошна постапка за исплата.

Член 23

Со донесувањето на овај Правилник престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица бр.14-340/10 од 14.03.2022 година.

Член 24

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци”.

| | |
|---|---|
| 14-876/7 | Совет на општина Новаци |
| 28.11.2025 | Претседател |
| Новаци | Илче Трајковски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица**

3. Се прогласува, Одлуката за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/6 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 40 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за доделување на еднократна парична помош, која ќе има која статус на постојано работно тело на Советот на Општина Новаци.

Член 2

Комисијата е составена од пет (5) членови од кои еден е претседател.

За членови на комисијата се избираат:
Претседател: Илче Трајковски
Членови:Весна Котевска
Иванчо Петковски
Васко Секуловски
Ропче Ангелковски

Член 3

Комисијата има задача:

- Да изготви Предлог-Правилник за доделување на еднократна парична помош на физички лица и истиот го достави до Советот/Градоначалникот на општина Новаци;
- Да ги разгледа сите пристигнати барања за парична помош дали се комплетни и да побара од барателот нивно комплетирање;
- Да даде предлог до Советот/Градоначалникот за одобрување на еднократна парична помош.

Член 4

Мандатот на членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот на општината.

Член 5

Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/8 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Листата за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци**

1. Се прогласува Листата за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/7 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/11, 163/13, 147/15 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/24), член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02 и „ Сл. весник на РСМ“ бр.202/24), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр.7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.11.2025 година, предложи:

**ЛИСТА**
**за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци**

I. За имиња на улици, плоштади, мостови ина други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Новаци се определуваат:

1) Улици:

-Пеце Матичевски
-Индустриска
-Кајмакчалан
-АСНОМ
-Македонија
-30ти Март
-Илинденска
-8миСептември
-Ѓорѓи Сугарев
-Ул. 10та
-Солунски фронт
-Пелагониија

2) Плоштади:
----------/---------------
-----------/---------------
----------/---------------

3) Мостови:
-----------/---------------
-----------/---------------
-----------/---------------

4) Други инфраструктурни објекти:
-----------/---------------
-----------/---------------
-----------/---------------

5) Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти се доставува до Владата на Република Северна Македонија, за добивање на согласност.
6) Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачје на Општина Новаци, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“, а влегува во сила по добивањето на согласност од Влада на Република Северна Македонија.

14-876/9 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за усвојување на Листа за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Листа за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/8 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Листа за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци**

Член 1

1. Со оваа Одлука се усвојува Листата за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци:

1. „Пеце Матичевски“
2. „Индустриска“
3. „Кајмакчалан“
4. „АСНОМ“
5. „Македонија“
6. „30-ти Март“
7. „Илинденска“
8. „8-ми Септември“
9. „Ѓорѓи Сугарев“
10. „ул. 10-та“
11. „Солунски фронт“
12. „Пелагонија“

Член 2

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/10 — Совет на општина Новаци
28.11.2025 — Претседател
Новаци — Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај за манифестацијата ,,Фестивал на жетвата” Новаци 2025**

1. Се прогласува, Одлуката за усвојување на Извештај за манифестацијата ,,Фестивал на жетвата” Новаци 2025, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/9 — Општина Новаци
02.12.2025 — Градоначалник
Новаци — Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.11.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Извештај за манифестацијата „Фестивал на жетвата“ Новаци 2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за манифестацијата „Фестивал на жетвата“ Новаци 2024, бр. 03-500/57 од 18.11.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/11 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП ,,Пелалинк” Битола**

1. Се прогласува, Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП ,,Пелалинк” Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/10 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 22 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ,, бр.79/2009 и 241/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ,, бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24),и член 21 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Новаци („Сл.гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.11.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Одлуката за измена и дополнување**
**на Статутот на МЈП Пелалинк - Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП Пелалинк - Битола, бр. 02-117/4 од 17.11.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/12 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола**

1. Се прогласува, Одлуката за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/11 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 17-ѓ став 2 алинеја 1 и став 7 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр. 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоурава („Сл. весник на РМ" бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ" бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Ноиваци на седницата одржана на ден 28.11.2025г. донесе:

**ОДЛУКА**
**за разрешување и иманување на вршител на должност член**
**на Управен одобор на МЈП Пелалинк - Битола**

Член 1

Со оваа Одлука: се разрешува Гоце Талевски од с.Брод, од член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола, на негово барање од лични причини (Изјава бр.15-877/1 од 19.11.2025г.), и се именува Елена Стојчевска од с.Гнеотино, за вршител на должност (ВД) член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола.

Член 2

Мандатот ВД членот на Управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав, односно најмногу до 6 (шес) месеци.

Член 3

Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци".

14-876/13 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ" бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 07/19 и 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола**

1. Се прогласува, Одлуката за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци".

08-909/12 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 26-а и член 17-ѓ став 2 алинеја 1 и став 7 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоурава („Сл. весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Ноиваци на седницата одржана на ден 28.11.2025г. донесе:

**ОДЛУКА**
**за разрешување и иманување на вршител на должност член**
**на Надзорен одобор на МЈП Пелалинк - Битола**

Член 1

Со оваа Одлука: се разрешува Даниел Петровски од с.Новаци од член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола, на негово барање од лични причини (Барање/Изјава бр.15-872/1 од 18.11.2025г.), и се именува Емилија Вајдевска од с.Новаци, за вршител на должност (ВД) член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола.

Член 2

Мандатот ВД членот на Надзорниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав, односно најмногу до 6 (шес) месеци.

Член 3

Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/14 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2025/2026 година**

1. Се прогласува, Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-909/13 Општина Новаци
02.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.11.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2025/2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Здружението на училишен спортски клуб ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во износ од 150.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

Член 3

Средствата од член 2, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци
Жиро сметка 500000001132987
Депонент Стопанска банка Битола.

Член 5

За начинот и користењето на одобрените финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, да се достави Извештај до Советот на Општина Новаци.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-876/15 Совет на општина Новаци
28.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

**СОДРЖИНА**

ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за елементарни непогоди....................................1
- ОДЛУКА за формирање на Комисија за елементарни непогоди.....................................................................................1
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025год.............2
- ОДЛУКА за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година....................................................2
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година.........................................................................................................................3
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица........................................................................................................................4
-Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица.....................................................................................................................................................4,5,6,7
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица..........................................................................................................................................................8
-ОДЛУКА за формирање на Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица..........................8
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Листата за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци....................................................................................9
-ЛИСТА за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци.............................................................................................................................................9
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за усвојување на Листа за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци..........................................................10
-ОДЛУКА за усвојување на Листа за определуање на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Новаци......................................................................................................11
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај за манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2025..........................................................................................................................................................11
-ОДЛУКА за усвојување на Извештај за манифестацијата „Фестивал на жетвата" Новаци 2025 година..........................12
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП ,,Пелалинк" Битола.................................................................................................................................12
-ОДЛУКА за давање на согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП Пелалинк - Битола .......13
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола.......................................................................................................................13
-ОДЛУКА за разрешување и иманување на вршител на должност член на Управен одобор на МЈП Пелалинк - Битола...............................................................................................................................................................14
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола.......................................................................................................................14
-ОДЛУКА за разрешување и иманување на вршител на должност член на Надзорен одобор на МЈП Пелалинк - Битола...............................................................................................................................................................15
ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски" Новаци, за учебната 2025/2026 година.......................................................................................................15
-О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски" Новаци, за учебната 2025/2026 година...............................................................................................................................................................16

**Издава: Општина Новаци**
**тел. 047 203 060**
**Буџет на Општина Новаци, Народна банка на РСМ**
**Сметка: 749014004563010 Д.Б. 4002004169848, Приходна Шифра 752939**
**Излегува по потреба**